Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС, Скопје
Бр. 473/0306
31.10.2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 октомври 2019 година, врз основа на примена жалба од Маја Јовановска, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет – порталот „Скопје инфо.мк“, со текстот насловен „Натепани деца од ОУ Коле Неделковски кои биле на екскурзија во Сарај“, го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членовите 1 и 10.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 10 октомври 2019 година, Маја Јовановска поднесе жалба за текстот со наслов „Натепани деца од ОУ „Коле Неделковски" кои биле на екскурзија во Сарај", објавен на 9 октомври 2019 година, на интернет – порталот Скопје инфо.мк (www.skopjeinfo.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи говор на омраза, неточно и нефер известување, незастапена втора страна и отстапки од принципите за заштита на деца и малолетници.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата стапи во контакт со интернет – порталот Скопје инфо.мк и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 10.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно".*

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)."*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 25 октомври 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.
Членовите на Комисијата, најпрво, утврдија дека се работи за текст без автор, чија содржина единствено се заснова на тврдење на корисник на социјалната мрежа Фејсбук. Интернет –

порталот пренесува статус на мајка, чие дете наводно било сведок на тепачка меѓу две групи деца од различна етничка припадност, за време на училишна екскурзија во Сарај.

Текстот, несомнено, произлегува од јавниот интерес, но новинарот не се потрудил да обезбеди целосна и проверена информација и да ги согледа сите значајни аспекти на темата за која се говори. Новинарскиот производ е едностран, а начинот на кој е обработен нуди готови заклучоци и судови, кои лесно можат да предизвикаат негативни ефекти, дури и подгревање на меѓуетнички тензии. Од самиот текст не може да се заклучи дали новинарот воопшто се обидел да ја провери информацијата од релевантна институција, а доколку се обидел, но не успеал да добие, тоа требало јасно да го назначи. Затоа, во отсуство на официјална потврда на инцидентот, авторот морал да изрази резерва, воздржаност и сомнеж кон Фејсбук статусот на родителот.

Медиумите се одговорни и за искажаното на социјалните мрежи, зашто со нивното објавување таквите содржини добиваат јавност и затоа не ги ослободуваат од одговорност. Во такви случаи, новинарите се обврзани да ги проверат информациите колку што е можно повеќе, за да ја избегнат опасноста од манипулации и дезинформирање на јавноста. Тоа новинарот лесно можел да го направи доколку побарал став од Министерството за внатрешни работи или од училиштето „Коле Неделковски", чии ученици биле нападнати. Во овој контекст, Комисијата за жалби утврди дека, спротивно на пристапот на Скопје инфо.мк, дел од медиумите обезбедиле комплетна информација за инцидентот во Сарај, пренесувајќи став и од МВР и од училиштето.

Оттука, членовите на Комисијата најдоа дека Интернет порталот Скопје инфо.мк го прекршил **членот 1** од Кодексот на новинарите, чија отстапка особено е нагласена во следните реченици:

***„Денеска на екскурзија во Сарај, две деца од училиште Коле Неделковски биле натепани од група локални Албанчиња. Од чиста мира едното изело силна шлаканица, а другото бокс во око, со крв и модрица."***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна", особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Понатаму, Комисијата најде дека во текстот на Скопје инфо.мк е прекршен и **членот 10** од Кодексот на новинарите, кој се издвојува во следните две реченици од текстот:

***„Ете, ќе седнеме и ќе им објасниме на децата, кои се вратија шокирани дека станува збор за локални хулигани и дека треба да се почитуваат со сите сограѓани и дека животот врви понатаму".***

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

***„А, кога сме веќе кај соживотот, да се одржеше некој час по соживот по сарајските училишта. Со години слушам за агресивни групи тинејџери во тој регион кои малтретираат недолжни граѓани и никој ништо не им може“.***

Медиумот и новинарот не треба да објавуваат материјал (информација, слика, мислење, коментар) кој има за цел да шири непријателство или омраза, или ако постои голема веројатност дека објавениот материјал ќе предизвика непријателство или омраза кон некого поради неговата раса, етничка припадност, пол, вера, политичка припадност, сексуална ориентација, физички недостаток, итн. Во оваа насока, Комисијата констатираше дека оспорената содржина на Скопје инфо.мк веќе предизвикала различни реакции кај читателите во делот за коментари кои му даваат политичка конотација на текстот и содржат елементи кои се граничат со говор на омраза. Комисијата утврди дека, во меѓувреме, медиумот целосно ги избришал сите коментари под текстот.

Во однос на забелешката на жалителот дека во текстот е прекршено начелото за заштита на деца и малолетници, членовите на Комисијата заклучија дека известувањето отстапува од принципите на Конвенцијата за правата на децата на Обединетите нации, во делот кој ја нагласува важната улога на медиумите во ширењето информации кои ја промовираат добросостојбата на децата во најширока смисла.

Во делот од Конвенцијата кој се однесува на медиумите, Комитетот за правата на децата утврди три главни области кои треба да се земаат предвид:

-начините за подобрување на имиџот на детето преку медиумското известување;

-поттикнување на децата активно да учествуваат во медиумите;

-заштита на децата од штетните влијанија на медиумите.

* * *

**Комисијата, при своето одлучување, ги зеде предвид и:**

***Препораката бр. R (97) 21 на Комитетот на министри** до земјите – членки за медиумите и за промоција на културата на толеранција (Усвоена од Комитетот на министри, на 30 октомври 1997), во делот: „медиумите можат да дадат позитивен придонес во борбата против нетрпеливоста, особено онаму каде што негуваат култура на разбирање меѓу различните етнички, културни и религиозни групи во општеството“, како и Додатокот на истата препорака бр. R (97) 21 во делот „Проблемот на нетпреливост бара изјаснување и од јавноста и од медиумските претпријатија. Искуството од професионалните медиумски кругови покажа дека е корисно ваквите претпријатија да покажуваат:

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

- избегнување понижувачко и стереотипно прикажување на припадниците на културните, етничките или религозните заедници во публикации или програмски услуги;
- третирање на индивидуалното однесување, без тоа да се поврзува со припадноста на лицето на вакви заедници, во случаи кога не е релевантно;
- прикажување на културните, етничките и религиозните заедници на урамнотежен и објективен начин и на начин што ќе ги рефлектира перспективите и погледите на овие заедници;
- продлабочување на јавното разбирање и почитување на разликите".

***Декларацијата на Комитетот на министри на Советот на Европа** за слободата на политичка дебата во медиумите (872 состанок од 12.02.2004 година) во делот што потсетува дека остварувањето на правото на слобода на изразување со себе носи обврски и одговорности, за кои вработените во медиумите мора да водат сметка и дека тоа легитимно може да биде ограничено поради одржување рамнотежа помеѓу ова право и почитување на другите основни права, слободи и интереси заштитени со Конвенцијата (член 8).

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет – порталот Скопје инфо.мк (www.skopjeinfo.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595